Архивски број: 08-32/1
17-01-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08- 346 од 28.10.2021 година, поднесена од [redacted] против [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 14.01.2022 години, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на етничка припадност во областа на работа и работните односи од страна на [redacted] ДООЕЛ Скопје, врз лицето [redacted].

## Образложение

На 28.10.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје против [redacted] ДООЕЛ од Скопје, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност во областа на работните односи.

Во поднесената претставка подносителот наведува дека при извршување на своите работни задачи во [redacted] ДООЕЛ Скопје, во текот на третата смена, дошло до повреда на десното око. По извршени лекарски прегледи и операции на окото, [redacted] бил на 9 месечно боледување. По враќање на работното место, бил повикан во дирекцијата на работодавачот, каде му било издадено отказно решение. Според тврдењата на подносителот, отказот му бил издаден како акт на дискриминација, затоа што е припадник на ромската етничка заедница.
Меѓутоа, според приложените докази претставката не содржи податоци од кои може да се увидат причините поради кои подносителот добил отказ.

Дополнително, подносителот има поведено судска постапка против работодавачот за надомест на штета пред Основен суд Скопје 2, за што е донесена судска пресуда 11 П1-4022/11, со која тужбеното барање е одбиено во целост како неосновано.

Во претставката, подносителот вели дека е дискриминиран во текот на судската постапка од страна на судијката [redacted], поради долгото времетраење на судската постапка и определување на повеќе медицински вештачења.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 28.10.2021 година поднесе барање за изјаснување до [redacted] ДООЕЛ, од каде доби одговор заверен со архивски број 0801-346/3 од 22.11.2021 година. Во одговорот на претставката [redacted] ДООЕЛ ја наведува судската пресуда, со која тужбеното барање на претходно вработениот [redacted] е одбиено во целост како неосновано.

Согласно надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, нема законска надлежност да навлегува во материјалното и процесно работење на судот, ниту да ги оценува одликите на судот донесени во текот на судската постапка.

Имајќи ја предвид законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или отварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по разгледување на одговорот на претставката и приложените докази, поединечно и заедно, утврди дека во конкретниот случај, компанијата [redacted] ДООЕЛ Скопје со своите дејствија не извршила дискриминација кон лицето [redacted] по основ на етничка припадност во областа на работа и работни односи.

Скопје
14.01.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за заштита од дискриминација • Скопје

Доставено до:
[redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk